Република Северна Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

# ВТОР ПОЛУГОДИШЕН ИЗВЕШАЈ

**за**

# СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКЦИСКИОТ ПЛАН НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА РЕФОРМА НА ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА 2018-2022

## (ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2019)

ДЕКЕМВРИ 2019

# ВОВЕД

Вториот полугодишен Извештај претставува преглед за напредокот во спроведување на Стратегијата за РЈА 2018-2022 и Акцискиот план постигнат во периодот јануари – јуни 2019 година.  За разлика од годишните Извештаи кои се поаналитички и се фокусираат на постигнати резултати и мерења согласно индикаторите, овој Извештај, како и првиот полугодишен Извештај за имплементација има за цел да го прикаже степенот и статусот на спроведување на активностите предвидени во АП, согласно временската рамка. Со цел полугодишните извештаи да се концизни и едноставни за читателот, структурата на истите ќе се фокусира на успешните приказни и предизвици за секоја област. Во исто време, за обезбедување на целосна транспарентност во однос на спроведување на реформата, секој Извештај за имплементација на СРЈА и АП 2018 – 2022 ќе биде пропратен од Матрица која ќе се содржи сеопфатен статус за секоја активност, како и очекувани ризици, следни чекори, и други релевантни информации.

**Првото поглавје од овој извештај содржи детални информации за активностите предвидени да бидат започнати/реализирани во првиот и вториот квартал од 2019 година**, односно дава преглед на статусот на реализација на вкупно 68 активности од АП.




Статусот на конкретните активности ќе биде претставен на три нивоа и со три бои во зависност дали активноста е “целосно спроведена” (зелена боја),  дали е “во тек на спроведување” (жолта боја), или спроведувањето на активноста значително “доцни” или не е отпочнато  (црвена боја). "Целосно спроведена" активност е онаа што е во планираниот рок, предвиден во АП е реализирана потполно. “Во тек на спроведување” е активност чие што спроведување започнало/се очекува да започне во предвидениот рок. “Доцни” се однесува на активност чие што спроведување го надминува предвидениот рок или активност чие што спроведување воопшто не отпочнало во планираниот рок, согласно АП. Оценката за реализација од стручен аспект ја утврдува МИОА врз основа на информациите добиени од страна на институцијата задолжена за спроведувањето на конкретната активност. Оценката може да претрпи измени по анализата на МИОА и спроведените дискусии со институцијата задолжена за спроведување на активноста.

Дополнително на трите нивоа на спроведување, во втората глава од овој Извештај се дава преглед на активностите од првиот годишен извештај кај кои постои напредок во имплементацијата во овој извештаен период, како и активности кои се целосно реализирани подоцна од предвидениот краен рок во АП, во сите четири приоритетни области. Со други зборови, направен е сеопфатен преглед на статусот на имплементација од усвојување на СРЈА и АП (февруари 2018), па се до јуни 2019**.** Оттука, Матрицата нуди преглед на вкупно 176 активности, односно 68 активности за периодот јануари – јуни 2019 и дополнителни  108 активности опфатени во првиот Годишен извештај.



# СОДРЖИНА

ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД ........................................................................................................ 1
I. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД ........................................ 3
КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА ........................................................................ 3
ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ............................................................ 4
ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ ................................................................ 5
ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА ............................................... 6
II. СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ЈУНИ 2019 . 7
III. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ ........................................................................................................ 9
Листа на кратенки ........................................................................................................ 10

# ЗБИРЕН ПРЕГЛЕД

# ЈАНУАРИ – ЈУНИ 2019




Од вкупно 68 активности за кои се известува во наведениот период, целосно спроведени се 12 активности, спроведувањето е во тек на 34 активности, а 22 активности доцнат или не се отпочнати. Со други зборови, околу 67% од активностите се реализирани/реализираат согласно предвидената временска рамка.

## СТАТУС НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПО ИНСТИТУЦИИ – НОСИТЕЛИ НА АКТИВНОСТИ

| | РЕАЛИЗИРАНИ | ВО ТЕК | ДОЦНАТ |
|---|---|---|---|
| МИОА | 6 | 25 | 13 |
| МП | 0 | 0 | 2 |
| МТСП, МТВ | 0 | 1 | 0 |
| ГС ВРСМ | 4 | 0 | 2 |
| КП ВРСМ | 0 | 0 | 1 |
| ДЗС | 0 | 4 | 0 |
| КЗПСПИЈК | 0 | 0 | 2 |
| Мрежа за УЧР | 0 | 1 | 0 |
| ОДУ | 0 | 3 | 3 |
| СЕП, УВМК, ФЗОРСМ, ФПИОСМ, АВРСМ, АКН, УЈП, ЦРРСМ, ЦУ, МВР, МТСП | 0 | 0 | 1 |

## СТЕПЕН НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ПО ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

### ПО1: КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА




### ПО2: ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ




### ПО3: ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ




### ПО4: ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈА



# I. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД

## ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ

### КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 78% од активностите се реализирани и се реализираат согласно предвидениот рок.**



**График 1: Степен на реализација на Приоритетна област 1**

## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

- ✓ **ГС ВРСМ интензивно работи на мерките за јакнење на капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање, како и за следење, известување и оценување на политиките.**

Завршен е првиот круг на работилници/обуки за јакнење на капацитетите за стратешко планирање на 253 административни службеници од ОДУ. ГС ВРСМ континуирано комуницира и соработува со институциите за коментари и насоки во однос на наведените процеси. Изготвени се Упатства за подготовка на стратешкиот план и годишниот план за работа, како и за подготовка на Извештај за спроведување на Годишниот план за работа.

- ✓ **Се подобрува квалитетот и достапноста на статистички податоци за креирање на квалитетни политики**

Продолжи усогласувањето со Европскиот систем на сметки (ЕСА) 2010 и табелите за државен долг (ЕДП нотификации) и јакнење на капацитетите на вработените во однос на национални сметки.

- ✓ **Неопходноста од спроведување на Попис на населението ги интензивираше активностите во ДЗС**

Се донесе дефинитивна содржина на пописните е-обрасци (модули). Извршено е тестирање на апликацијата и базата со податоци за пробниот попис, како и преносот на податоци од претпописната база во базата за попис. Пробниот попис успешно се спроведе во 13 општини.

## ПРЕДИЗВИЦИ

- ✓ Доцнењето со усвојување на предлог Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Владата, повлекува доцнење на донесување на новите документи за подобрување на квалитетот на регулативите (Методологија, Упатство и Одлука за ПВР и ОСР), а следствено и на обуките за надлежните вработени во институциите.
- ✓ Донесувањето на новиот Закон за буџет ги условува донесувањата на релевантни документи за секторски стратегии.

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2

## ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

**Сите планирани активности за овој извештаен период се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

✓ **Активно се спроведуваат мерките за деполитизација и професионализација на администрацијата и високата раководна служба**

Низ консултативен и инклузивен процес се детектирани практичните слабости на постојните законските решенија (ЗАС и ЗВЈС), како и предлог за нивно изменување.

Процесот на подготовка на новиот ЗВРС беше исто така инклузивен и транспарентен. Во март 2019 година на ЕНЕР се објави нацрт верзијата на Законот[1].

✓ **Започнаа активностите за подготовка на нов систем на плати**

Меѓуресорка работна група започна со консултации и дискусија за подготовката на новиот систем на плати, со поддршка од надворешни експерти.

✓ **Се утврди моделот за воспоставување на Академија за административни службеници**

Се изготви анализа на системот за стручно усовршување на административните службеници, како основа за утврдувањето на модел и статус на идната Академија за административни службеници. Одредби за уредување на системот за стручно усовршување на административните службеници и формализирањето на Академијата ќе бидат имплементирани во измените на ЗАС.

## ПРЕДИЗВИЦИ

✓ Имплементирањето на дел од активностите подразбира усвојување и донесување на законски измени. Оттука, претстојниот изборен циклус претставува своевиден ризик во однос на нивната финализација до предвидените рокови.

✓ Капацитетите за координација на Мрежата за УЧР како и на актуелниот сектор за обука, во рамки на МИОА, сеуште се недоволни. Поради тоа, кај дел од активностите во надлежност на Мрежата и секторот има низок степен на имплементација.

[1] Види https://ener.gov.mk/default.aspx?item=pub_regulation&subitem=view_reg_detail&itemid=R6x2TA4IiVCBOstULIubrg==

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3

## ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 50% се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

- ✓ **Обзбеден е континуитет во процесот на реорганизација и оптимизација на ОДУ, агенции и инспекциски служби.**

Обезбедувањето на експертска поддршка во периодот до започнување на ИПА 2017 проектот за Поддршка на реорганизацијата овозможи континуитет во процесот. Се изготвија документи со кои се разработи организациската поставеност на ОДУ и агенциите, како и со подготовка на нов системски закон за организација и работа на ОДУ.

- ✓ **Унифициран пристап кон подобрување на ефективноста и ефикасноста на институциите**

Поголем број на ОДУ, агенции и инспекциските служби на централна власт веќе имаат спроведено функционална анализа согласно новата Методологија за спроведување на функционални анализи.

- ✓ **Силна волја за унапредување на примената на ЗОУП придонесе кон активно**

Навремено се имплементираат препораките од Анализата на првична примена на законот. Воспоставена и оперативна е Точката за информирање за ЗОУП во МИОА, а се одржа и првата серија заеднички обуки за работените во администрација, судските службеници и судиите во управните судови, за зајакнување и унапредување на конзистентна примена за ЗОУП и ЗУС.

## ПРЕДИЗВИЦИ

- ✓ Шест активности[2] од оваа приоритетна област кои се однесуваат на јакнење на транспарентноста и капацитетите на КЗПСПИЈК, јакнење на интегритетот и етиката, како и дел од активностите за реорганизација и оптимизација на ОДУ, агенции и инспекциски служби, се предвидени во рамки на програмата ИПА 2017. Доцнењето во склучување на договори со имплементаторите резултираше со доцнење во имплементација на активности.
- ✓ Блокадите на работата на Собраниската Комисија за избори и именувања резултираат со доцнење на избор на ново раководство во КЗПСПИЈК. Оттука, доцни и подготовката на спроведувања на советувања, дебати и други активности за подигање на свеста за важноста на пристапот до информации од јавен карактер.

---

[2] А.3.1.2.1; А.3.1.2.2; А.3.3.1.1; А.3.3.1.2; А.3.4.1.5; и А.3.4.1.6.

# ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 4

## ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

**Од вкупниот број на планирани активности за реализација во извештајниот период, 57% се реализираат согласно предвидениот рок.**




## УСПЕШНИ ПРИКАЗНИ

✓ **Продолжи отворањето на салите за „Една точка за услуги“**

Во пилот Салата во Скопје поставени се диспензирани шалтери од најфреквентните институции, со што на граѓаните и бизнис секторот им се овозможи на едно место да добијат услуги од 10 различни институции[3]. Воедно, започна подготовка на документација за ЕТУ Скопје да стане едношалтерски систем, а наместо да функционираат дисперзирани шалтери. До крајот на јуни 2019 се започна со градежни процеси во новите ЕТУ во Охрид, Куманово и Тетово.

✓ **Дигитализација на процесите и приклучување на Интероперабилност**

Изготвена е платформа за дигитализација на процесите од општа управна постапка. Дополнително, до јуни 2019 околу триесет институции се приклучени на платформата за интероперабилност.

✓ **Продолжи јакнењето на капацитетите на институциите за управување со квалитет (CAF)**

Обезбедена е поддршка на шест институции во имплементацијата на CAF моделот, а се спроведува и Анализа за мерење на ефектите и влијанијата од воведување на стандардите и инструментите за управување со квалитет. Во тек е изработка на посебна веб страница за управување со квалитет во јавниот сектор.

## ПРЕДИЗВИЦИ

✓ Недостатокот на човечки ресурси во институциите, за имплементација на обемниот број на активности предвидени во оваа област, останува и понатаму еден од најголемите предизвици.

✓ Како и во другите области, така и во оваа, се јавува доцнење во реализација на активностите кои се имплементираат со донаторска поддршка.

✓ Дел од активностите во АП од областа на дигитализацијата ќе бидат адресирани во Националната ИКТ Стратегија, чие изготвување е во тек. Оттука, не е започната реализацијата на погоре наведените активности.

[3] Министерството за внатрешни работи, Министерството за транспорт и врски, Управата за јавни приходи, Агенцијата за катастар на недвижности, Агенцијата за вработување, Министерството за труд и социјална политика, Централниот регистар, Фондот за здравствено осигурување, Управата за водење матични книги, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување

# II. СТАТУС НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИСКИОТ ПЛАН ЗА ПЕРИОДОТ ФЕВРУАРИ 2018 – ЈУНИ 2019

За обезбедување целосен приказ на имплементација на сите активности предвидени од донесувањето на СРЈА и АП (февруари 2018) до крајот на овој извештаен период (јуни 2019), овој дел од Извештајот нуди преглед на активностите од првиот годишен извештај кај кои постои напредок во имплементацијата во овој извештаен период, како и активности кои се целосно реализирани подоцна од предвидениот краен рок во АП, во сите четири приоритетни области.

---

## КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И КООРДИНАЦИЈА

---

- Започна со работа меѓуресорската група за дефинирањето на стандардизирани трошоци за работа на администрацијата (на пр. чинење на подготовка на закон, подготовка и спроведување на обуки, подготовка на прирачници и др.) со цел да се олесни подготвување на анализите за фискални влијанија од стратегиите, политиките и законите.
- Подготвени се кориснички упатства за новите функционалности на ЕНЕР. Едновремено се врши и тестирање и проверка на функционалностите на тест околината на порталот.
- Изготвени се правилниците за организација и работа, како и за систематизација на работните места во ГС ВРСМ, со цел да се зајакнат сите функции и надлежности
- Во јуни 2019 година подготвен и дистрибуиран е Прирачник за улогата на ГС ВРСМ во процесот на креирање и следење на политиките.[4]
- Со поддршка од Меѓународниот Републикански Институт, изработена е Анализа на правниот основ за одлучување на Владата со конкретни препораки, со цел јакнење на ефикасноста и ефективноста на седниците на Владата.

---

## ЈАВНА СЛУЖБА И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

---

- Спроведена е анализа за потребите од обука на административни службеници кои учествуваат во комисии за селекција. Од анализата се дефинирани обуките кои се потребни за административните службеници за постапката за селекција.

---

## ОДГОВОРНОСТ, ОТЧЕТНОСТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

---

- Со експертска поддршка од СИГМА, се подготвија предлози за нова институционална поставеност и типологија на органите на државна управа, агенции и инспексицки служби на централна власт.
- Се започна со подготовка на План за комуникација со јавноста и дефинирање на инструментите и алатките за подигнување на свеста кај граѓаните и бизнис заедницата во однос на концептот на отворени податоци.
- Се започна со изработка на наставен план за обуката на офицерите за отворени податоци и административните службеници, наставни планови за работилници за „податочна писменост“ за

[4] Види: http://mioa.gov.mk/sites/default/files/pbl_files/documents/rja/priracnik_.pdf

претставниците на граѓанското општество, академската заедница и новинарите, како и модули за електронска обука.

- Во тек е постапка на усогласување на актите за систематизација на 12 институции, во насока на воспоставување на организациски облици (сектор/одделенија) за одлучување во управна постапка.

## ДАВАЊЕ УСЛУГИ И ИКТ ПОДДРШКА НА АДМИНИСТРАЦИЈАТА

- Со поддршка од ЕУ, отпочнат е рамковен проект за подготовка на Национална ИКТ Стратегија.
- Изготвен и дистрибуиран е прашалник за процена на состојбата со ИКТ кадар во институциите.
- Во финална фаза е Нацртот на програмата за обука за подобрување на дигиталната писменост.
- Изработен е предлог документ со стандарди за веб-присуство и се започна со прибирање на податоци за веб присуство на веб локациите на Владата и сите министерства
- Подолжи внесувањто на услуги во Каталогот на е-услуги. Заклучно со 30 јуни 2019 година внесени се над 1100 услуги опишани во околу 170 закони.
- Усвоен е законот за електронско управување и електронски услуги.
- Развиен е национален портал за е-услуги (според „животни настани"). Се развиваат и прилагодуваат услугите кои ќе се нудат преку порталот.

Земајќи го предвид погоре наведеното, целосната реализација на АП, од денсувањето на СРЈА 2018 – 2022 и АП до крајот на јуни 2019 е прикажан во графикот подолу.




Повеќе од половина од активностите (57%) предвидени за првата година и половина се реализирани и се во тек на реализазција согласно предвидената временска рамка, додека пак 5, 6% се реализирани подоцна од предвидениот краен рок.

# III. СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Имплементацијата на АП на СРЈА во првата година и половина укажа на неопходна ревизија на Акцискиот план, во однос на предвидените активности. Поконкретно, се увиде потреба од модификација на дел од постоечките, како и додавање на нови активности. Истовремено, земајќи ја предвид динамиката на реализација и доцнењето во имплементација на активностите кои се поддржани од донатори, ќе биде ревидирана и временската рамка на поединечни активности, задржувајќи го крајниот рок за целосна реализација на АП до крајот на 2022 година.

Како што беше наведено и во Годишниот извештај за имплементација на СРЈА 2018-2022 и АП, до крајот на 2019 година, а согласно ревизијата на АП, ќе се пристапи кон ревизија на дел од индикаторите како и нивните пасоши.

# Листа на кратенки

| Кратенка | Значење |
|---|---|
| **АВРСМ** | Агенција за вработување на Република Северна Македонија |
| **АКН** | Агенција за катастар на недвижности |
| **АП** | Акциски план |
| **ВРСМ** | Влада на Република Северна Македонија |
| **ГС ВРСМ** | Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија |
| **ДЗС** | Државен завод за статистика |
| **ЕДП** | Табели за државен долг |
| **ЕНЕР** | Единствен национален електронски регистар на пропис |
| **ЕСА** | Европски систем на сметки (European System of Accounts –ESA) |
| **ЕТУ** | Една точка на услуги |
| **ЕУ** | Европска Унија |
| **ЗАС** | Закон за административни службеници |
| **ЗВЈС** | Закон за вработените во јавниот сектор |
| **ЗВРС** | Закон за висока раководна служба |
| **ЗОУП** | Закон за општата управна постапка |
| **ЗУС** | Закон за управни судови |
| **ИКТ** | Информациско комуникациски технологии |
| **ИПА** | Инструмент за претпристапна помош (IPA: Instrument for Pre-Accession Assistance) |
| **КЗПСПИЈК** | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МТВ** | Министерство за транспорт и врски |
| **МТСП** | Министерство за труд и социјална политика |
| **ОДУ** | Органи на државна управа |
| **ОСР** | Оценка на спроведување на регулативата |
| **ПВР** | Проценка на влијание на регулативата |
| **РЈА** | Реформа на јавна администрација |
| **СЕП** | Секретаријат за европски прашања |
| **СИГМА** | SIGMA (Support for Improvement in Governance and Management), заедничка иницијатива на ОЕЦД и Европската Комисија |
| **УВМК** | Управа за водење на матичните книги |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **УНОПС** | Канцеларија за услуги на проекти на Обединетите нации (UNOPS: United Nations Office for Project Services) |
| **ФЗОРСМ** | Фонд за здравствено осигурување на Република Северна Македонија |
| **ФПИОСМ** | Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Северна Македонија |
| **ЦРРСМ** | Централен регистар на Република Северна Македонија |
| **ЦУ** | Царинска управа |